20240491260

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 70 став (7) од Законот за безбедност на храната (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15,129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.209/23), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ОДДЕЛНИ ФИЗИЧКИ, ХЕМИСКИ И БИОЛОШКИ ОПАСНОСТИ ВО ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ ИЛИ КАТЕГОРИИ ХРАНА ЗА 2024 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 14005, Програма 3, Потпрограма 30, ставка 464, сметка 637, во износ од 500.000,00 денари.

II

Реализацијата на оваа програма ќе биде остварена со склучување на договор со акредитирани лаборатории кои со анализа на земените мостри ќе ги утврдуваат параметрите кои се дадени во Прилозите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 кои се составен дел на оваа програма. Мострите за контрола ќе ги земаат инспекторите за храна во присуство на официјалниот претставник на Агенцијата за храна и ветеринарство задолжен за спроведување на оваа програма.

III

Целта на оваа програма е контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна, како што се:

- функционални класи на прехранбени адитиви (конзерванси, нитрити и нитрати, засладувачи, бои, антиоксиданси, регулатори, агенси, засилувачи, стабилизатори, згуснувачи итн.) и
- други контаминенти кои претставуваат опасност по безбедност на храната.

Категории на храна определени со регистерски броеви согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) кои што ќе се испитуваат се следните:

| Реден број | Регистерски број | Категории на храна/име |
|---|---|---|
| -01 | -01 | Млечни производи и нивни аналози, |
| -02 | -02 | Масти и масла и емулзии на масти и масла, |
| -03 | -04 | Овошје и зеленчук (како и нивни преработени производи), |
| -04 | -06 | Житарки и производи од житарки, |
| -05 | -07 | Пекарски производи, |
| -06 | -08 | Месо (подготовки од месо и преработени производи од месо), |
| -07 | -12 | Соли, зачини, супи, сосови, салати и протеински производи, |
| -08 | -14 | Пијалаци (безалкохолни и алкохолни пијалаци) и |
| -09 | - / | Прехранбена сол |

Категории на храна определени со Правилникот за квалитетот на прехранбената сол и Правилникот за максимално дозволени количини за радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба кои што ќе се испитуваат се следните:

- прехранбена сол (сол за непосредна човечка употреба-кујнска сол и замени за сол) и
- млеко и месо (присуство на радионуклиди) и за други прехранбени произвои и други нови опасности кои се создаваат или внесуваат во храната и врз основа на Системот за брзо известување за храна и храна за животни (во натамошниот текст: RASFF) или по основ на сомнеж.

IV

Контролата и превентивата на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2024 година се состои од:

IV.1. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во млечни производи и нивни аналози;

IV.2. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во масти и масла и емулзии на масти и масла;

IV.3. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во овошје и зеленчук (како и нивни преработени производи);

IV.4. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во житарки и производи од житарки;

IV.5. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во пекарски производи;

IV.6. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во месо (подготовки од месо и преработени производи од месо);

IV.7. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во соли, зачини, супи, сосови, салати и протеински производи;

IV.8. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во пијалаци (безалкохолни и алкохолни пијалаци);

IV.9. Контрола и превентива на прехранбени адитиви во прехранбена сол (сол за непосредна човечка употреба-кујнска сол и замени за сол) и

IV.10. Контрола и превентива на млеко и месо (присуство на радионуклиди), на други прехранбени производи и за други нови опасности кои се создаваат или внесуваат во храната и врз основа на RASFF или по основ на сомнеж.

## IV.1
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ И НИВНИ АНАЛОЗИ/ Рег. бр. 01

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во млечни производи и нивни аналози се однесува на категориите на храна под рег.бр.01 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 1 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 25 мостри на храна (за конзерванси).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во млечни производи и нивни аналози треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*).

## IV.2
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО МАСТИ И МАСЛА И ЕМУЛЗИИ НА МАСТИ И МАСЛА/ Рег.бр.02

Контрола и превентива на прехранбени адитиви во масти и масла и емулзии на масти и масла се однесува на категориите на храна под рег.бр.02 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 2 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 25 мостри на храна (за конзерванси).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во масти и масла и емулзии на масти и масла треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*).

## IV.3
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК (КАКО И НИВНИ ПРЕРАБОТЕНИ ПРОИЗВОДИ)/ Рег.бр. 04

Контрола и превентива на прехранбени адитиви во овошје и зеленчук (како и нивни преработени производи) се однесува на категориите на храна под рег.бр.04 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 3 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 25 мостри на храна (за конзерванси).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во овошје и зеленчук (како и нивни преработени производи) треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*).

## IV.4
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО ЖИТАРКИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИТАРКИ/ Рег.бр.06

Контрола и превентива на прехранбени адитиви во житарки и производи од житарки се однесува на категориите на храна под рег.бр.06 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 4 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 20 мостри на храна (за конзерванси).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во житарки и производи од житарки треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*).

## IV.5
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО ПЕКАРСКИ ПРОИЗВОДИ/ Рег.бр.07

Контрола и превентива на прехранбени адитиви во пекарски производи се однесува на категориите на храна под рег.бр.07 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 5 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 20 мостри на храна (за конзерванси и прехранбени бои).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во пекарски производи треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*).

## IV.6
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО МЕСО (ПОДГОТОВКИ ОД МЕСО И ПРЕРАБОТЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО)/ Рег.бр.08

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во месо (подготовки од месо и преработени производи од месо), се однесува на категориите на храна под рег.бр.08 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 6 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 35 мостри на храна (за нитрити и прехранбени бои).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во месо (подготовки од месо и преработени производи од месо), треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и Правилникот за барањата во однос на квалитетот на меленото месо, подготовки од месо и производи од месо.

## IV.7
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО СОЛИ, ЗАЧИНИ, СУПИ, СОСОВИ, САЛАТИ И ПРОТЕИНСКИ ПРОИЗВОДИ/ Рег.бр.12

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во соли, зачини, супи, сосови, салати и протеински производи се однесува на категориите на храна под рег.бр.12 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 7 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 20 мостри на храна (за конзерванси и прехранбени бои).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во соли, зачини, супи, сосови, салати и протеински производи треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*).

## IV.8
## КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО ПИЈАЛАЦИ (БЕЗАЛКОХОЛНИ И АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ)/ Рег.бр.14

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во пијалаци (безалкохони и алкохолни пијалаци) се однесува на категориите на храна под рег.бр.14 утврдени согласно Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и тоа за адитивите дадени во Прилог 8 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 25 мостри на храна (за конзерванси и прехранбени бои).

Контролата и превентивата на прехранбени адитиви во пијалаци (безалкохолни и алкохолни пијалаци) треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храна (*).

IV.9.
КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА ПРЕХРАНБЕНИ АДИТИВИ ВО ПРЕХРАНБЕНА СОЛ (СОЛ ЗА НЕПОСРЕДНА ЧОВЕЧКА УПОТРЕБА - КУЈНСКА СОЛ И ЗАМЕНИ ЗА СОЛ)

Контролата и превентивата на прехранбена сол (сол за непосредна човечка употреба-кујнска сол и замени за сол), се однесува на квалитетот, составот, чистотата и јодираноста на солта, како и контролата на адитивите кои можат да се користат во производството на солта за параметри дадени во Прилог 9 од оваа програма.

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 13 мостри на сол (за јодираност).

Контролата и превентивата на прехранбена сол (сол за непосредна човечка употреба-кујнска сол и замени за сол), треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*) и Правилникот за квалитетот на прехранбената сол.

IV.10.
КОНТРОЛА И ПРЕВЕНТИВА НА МЛЕКО И МЕСО (ПРИСУСТВО НА РАДИОНУКЛИДИ), НА ДРУГИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ЗА ДРУГИ НОВИ ОПАСНОСТИ КОИ СЕ СОЗДАВААТ ИЛИ ВНЕСУВААТ ВО ХРАНАТА И ВРЗ ОСНОВА НА RASFF ИЛИ ПО ОСНОВ НА СОМНЕЖ

Контролата и превентивата на млеко и месо (присуство на радионуклиди), на други прехранбени производи и за други нови опасности кои се создаваат или внесуваат во храната и врз основа на RASSF или по основ на сомнеж се однесува на присуство на радионуклиди во млеко и месо, за други нови опасности кои се создаваат или внесуваат во храната во текот на производството и за производи кои содржат состојки кои не се дозволени или дадени во означувањето на храната (по RASFF или по основ на сомнеж).

За спроведување на контролата и превентивата од ставот 1 од овој дел, предвидени се лабораториски испитувања до 4 мостри (за радионуклиди во месо - две и млеко - две, за четири региони во земјата), до 4 мостри за акриламид и до 10 мостри по други нови опасности кои се создаваат или внесуваат во храната и по RASSF или по основ на сомнеж.

Контролата и превентивата на млеко и месо (присуство на радионуклиди), на други прехранбени производи и за други нови опасности кои се создаваат или внесуваат во храната и врз основа на RASFF или по основ на сомнеж, треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храна (*) и Правилникот за максимално дозволени количини за радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба.

V

Контролата на конзерванси во храната, на прехранбени бои во храната, на нитрити во храната, јодираност на прехранбена сол, радионуклиди во храна и за други нови опасности во храна (по RASFF или по основ на сомнеж), треба да е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната (*), Правилникот за барањата во однос на квалитетот на меленото месо, подготовки од месо и производи од месо, Правилникот за квалитетот на прехранбената сол и Правилникот за максимално дозволени количини за радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба.

V.1
**Контрола на конзерванси во храната**

За спроведување на контролата за конзерванси во храната предвидени се лабораториски испитувања на 320 параметри во износ од 256.000,00 денари (по параметар 800 денари).

V.2
**Контрола на прехранбени бои во храната**

За спроведување на контролата на прехранбени бои во храната предвидени се лабораториски испитувања на 340 параметри во износ од 170.000,00 денари (по параметар 500 денари).

V.3
**Контрола на нитрити во храната**

За спроведување на контролата на нитрити во храната предвидени се лабораториски испитувања на 35 параметри во износ од 28.000,00 денари (по параметар 800 денари).

V.4
**Контрола на  јодираност на прехранбена сол**

За спроведување на контролата на јодираност на прехранбена сол предвидени се лабораториски испитувања на 13 параметри во износ од 5.200,00 денари (по параметар 400 денари).

V.5
**Контрола на радионуклиди во храна и за други нови опасности во храна**

За спроведување на контролата на радионуклиди во храна и за други нови опасности во храна (по RASFF или по основ на сомнеж), предвидени се лабораториски испитувања на четири параметри (радионуклиди во млеко - две и месо - две), во износ од 4.800,00 денари (по параметар 1200 денари), четири мостри за акриламид во износ од 28.000,00 денари (по параметар 7000 денари), и 10 параметри за други нови опасности кои се создаваат во храната (по RASSF или по основ на сомнеж), во вкупен износ од 8.000,00 денари (по параметар 800 денари).

VI
За реализација на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

VII
Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-39/2
26 февруари 2024 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

# ПРИЛОГ 1

**01 Млечни производи и нивни аналози**

01.1 Неароматизирано пастеризирано и стерилизирано (вклучувајќи UHT) млеко

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 331 | Натриум цитрат | 4000 | само UHT козјо млеко |
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 1000 | само стерилизирано и UHT млеко |
| | (1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација | | |
| | (4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5 | | |

01.2 Неароматизирани ферментирани млечни производи, вклучувајќи природна неароматизирана маштеница (со исклучок на стерилизирана маштеница) што не се топлински третирани по ферментација

01.3 Неароматизирани ферментирани млечни производи, топлински третирани по ферментација

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| E 200-203 | Сорбинска киселина — сорбати | 1000 | Само кисело млеко |
| | (1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација | | |
| | (2): максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина | | |

**01.4 Ароматизирани ферментирани млечни производи вклучувајќи и топлински третирани производи**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | | |
| Група III | Прехранбени бои со комбинирано максимално ниво | 150 | |
| Група IV | Полиоли | *quantum satis* | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 10 | |
| E 160d | Ликопен | 30 | |
| E 200-213 | Сорбинска киселина— сорбати; Бензоева киселина — бензоати | 300 | само млечни десерти што не се термички третирани |
| E 297 | Фумарна киселина | 4000 | само десерти базирани на овошје |
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 3000 | |
| E 355-357 | Адипинска киселина — адипини | 1000 | само десерти базирани на овошје |
| E 363 | Јантарна киселина | 6000 | |
| E 416 | Карајa гума | 6000 | |
| E 427 | Касиа гума | 2500 | |
| E 432-436 | Полисорбати | 1000 | |
| E 473-474 | Сахарозни естри на масни киселини — сахароглицериди | 5000 | |
| E 475 | Полиглицерол естри на масни киселини | 2000 | |
| E 477 | Пропан-1,2-диол естри на масни киселини | 5000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| E 481-482 | Стеарол-2-лактилати | 5000 | | |
| E 483 | Стеарил тартрат | 5000 | | |
| E 491-495 | Сорбински естри | 5000 | | |
| E 950 | Ацесулфам K | 350 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 951 | Аспартам | 1000 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 952 | Цикламинска киселина и нејзините Na и Ca соли | 250 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 954 | Сахарин и негови Na, K и Ca соли | 100 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 955 | Сукралоза | 400 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 957 | Тауматин | 5 | | само како засилувачи на вкус |
| E 959 | Неохесперидин DC | 50 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 960 | Стевиол гликозиди (60): изразено како стевиол еквиваленти | 100 | (60) | само производи со ограничена енергетска вредност или без додаден шеќер |
| E 962 | Сол на аспартам - ацесулфам | 350 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |
| E 961 | Неотам | 32 | | само ниско енергетски производи или производи без додаден шеќер |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација

(2): Максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина

(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5

(11):Границите се изразени како (a) ацесулфам K еквивалент или (б) аспартам еквивалент

(49): Максимално дозволените нивоа се добиени од максимално дозволените нивоа за нејзините составни делови, аспартам (E 951) и ацесулфам-K (E 950)

(50): Нивоата за E 951 и E 950 не треба да бидат надминати со употреба на сол на аспартамацесулфам, било самостојно или во комбинација со E 950 или E 951

(51) максималните нивоа се изразени како слободна киселина

(52) максималните нивоа се изразени како слободен имид

**01.5 Дехидрирано млеко**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | освен неароматизирани производи |
| E 300 | Аскорбинска киселина | *quantum satis* | |
| E 301 | Натриум аскорбат | *quantum satis* | |
| E 304 | Масни киселини естри на аскорбинска киселина | *quantum satis* | |
| E 310-320 | Галати, TBHQ и BHA | 200 | само млеко во прав за автомати за храна |
| E 322 | Лецитини | *quantum satis* | |
| E 331 | Натриум цитрати | *quantum satis* | |
| E 332 | Калиум цитрати | *quantum satis* | |
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 1000 | Само делумно дехидрирано млеко со помалку од 28 % цврста маса |
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 1500 | Само делумно дехидрирано млеко со повеќе од 28 % цврста маса |

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 2500 | само суво млеко и суво обезмастено млеко |
| E 392 | Екстракти од рузмарин | 200 | само млеко во прав за автомати за храна |
| E 392 | Екстракти од рузмарин | 30 | само суво млеко за производство на сладолед |
| E 407 | Карагенан | *quantum satis* | |
| E 500(ii) | Натриум хидроген карбонат | *quantum satis* | |
| E 501(ii) | Калиум хидроген карбонат | *quantum satis* | |
| E 509 | Калциум хлорид | *quantum satis* | |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5
(41): Изразено на основа на маст
(46): Како сума од карносол и карносолна киселина

**01.6 Павлака и павлака во прав**

**01.6.1 Неароматизирана пастеризирана павлака (со исклучок на павлака со ниска масленост)**

| | | |
|---|---|---|
| E 401 | Натриум алгинат | *quantum satis* |
| E 402 | Калиум алгинат | *quantum satis* |
| E 407 | Карагенан | *quantum satis* |
| E 466 | Карбокси метил целулоза | *quantum satis* |
| E 471 | Моно – и диклицериди на масни киселини | *quantum satis* |

**01.6.2 Неароматизирани живо ферментирани производи од павлака и нивни замени со содржина на масти помала од 20 %**

| | | |
|---|---|---|
| E 406 | Агар | *quantum satis* |
| E 407 | Карагенан | *quantum satis* |
| E 410 | Кароб гума | *quantum satis* |
| E 412 | Гуар гума | *quantum satis* |
| E 415 | Ксантан гума | *quantum satis* |
| E 440 | Пектини | *quantum satis* |
| E 460 | Целулоза | *quantum satis* |
| E 466 | Карбокси метил целулоза | *quantum satis* |
| E 471 | Моно – и диглицериди на масни киселини | *quantum satis* |
| E 1404 | Оксидиран скроб | *quantum satis* |
| E 1410 | Моноскроб фосфат | *quantum satis* |
| E 1412 | Дискроб фосфат | *quantum satis* |
| E 1413 | Дискроб фосфатизиран фосфат | *quantum satis* |
| E 1414 | Ацетилиран дискроб фосфат | *quantum satis* |
| E 1420 | Ацетилиран скроб | *quantum satis* |
| E 1422 | Ацетилиран дискроб адипат | *quantum satis* |
| E 1440 | Хидрокси пропил скроб | *quantum satis* |
| E 1442 | Хидрокси пропил дискроб фосфат | *quantum satis* |
| E 1450 | Натриум октенил сукцинат скроб | *quantum satis* |
| E 1451 | Ацетилиран оксидиран скроб | *quantum satis* |

**01.6.3 Други кајмаци**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | само ароматизирани павлаки |
| Група III | Прехранбени бои со комбинирано максимално ниво | 150 | само ароматизирани павлаки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 234 | Низин | 10 | само засирена павлака |
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 5000 | само стерилизирана, пастеризирана, UHT павлака и биена павлака |
| E 473-474 | Сахарозни естри на масни киселини | 5000 | Само стерилизирана павлака и стерилизирана павлака со ниска содржина на масти |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5

**01.7 Сирење и производи од сирење**

**01.7.1 Младо сирење со исклучок на производите од категоријата 16**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | освен моцарела, и неароматизирано живо ферментирано младо сирење |
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | освен ароматизирано младо сирење |
| Група III | Прехранбени бои со комбинирано максимално ниво | 150 | освен ароматизирано младо сирење |
| E 200-203 | Сорбинска киселина — сорбат | 1000 | |
| E 234 | Низин | 10 | само маскарпоне |
| E 260 | Оцетна киселина | *quantum satis* | само моцарела |
| E 270 | Млечна киселина | *quantum satis* | само моцарела |
| E 330 | Лимонска киселина | *quantum satis* | само моцарела |
| E 338-452 | Фосфорна киселина — фосфати — ди-, три- и полифосфати | 2000 | освен моцарела |
| E 460(ii) | Целулоза во прав | *quantum satis* | само изрендана и исецкана моцарела |
| E 575 | Глуконо – делта - лактон | *quantum satis* | само моцарела |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(2): максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5

**01.7.2 Зрело сирење**

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 1105 | Лизозим | *quantum satis* | |
| E 120 | Кошинил, Карминска киселина, Кармин | 125 | само red marbled сирење |
| E 140 | Хлорофил и Хлорофинили | *quantum satis* | само *sage Derby* сирење |
| E 141 | Бакарен комплекс од хлорофил и хлорофинили | *quantum satis* | само *sage Derby* сирење |
| E 153 | Растителен јаглен | *quantum satis* | само *morbier сирење* |
| E 160a | Каротени | *quantum satis* | само зрело портокалово, жолто и дробено бело сирење |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 15 | само зрело портокалово, жолто и дробено бело сирење |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 50 | sамо red *Leicester* сирење |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 35 | само Mimolette сирење |
| E 160c | Екстрак од црвен пипер, капсантин, капсорубин | *quantum satis* | само зрело портокалово, жолто и дробено бело сирење |
| E 163 | Антоцианин | *quantum satis* | само red marbled сирење |
| E 170 | Калциум карбонат | *quantum satis* | |
| E 200-203 | Сорбинска киселина — сорбати | 1000 | Само сирење претходно пакувано, сецкано на парчиња; сирење во слоеви и сирење со додадена храна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Е 200-203 | Сорбинска киселина — сорбати | *quantum satis* | Само зрели производи, површински третман |
| Е 234 | Низин | 12.5 | |
| Е 235 | Натамицин | 1 | Само површински третман на тврдо, полутврдо и полумеко сирење |
| Е 239 | Хексаметилен тетрамин | 25 mg/kg резидуална сума изразена како формалдехид | само Provolone сирење |
| Е 251-252 | Нитрати | 150 | Само цврсто, полуцврсто и полумеко сирење |
| Е 280-283 | Пропионска киселина — пропионати | *quantum satis* | Само површински третман |
| Е 460 | Целулоза во прав | *quantum satis* | Само сирење сецкано на парчиња и рендано зрело сирење |
| Е 500(ii) | Натриум карбонати | *quantum satis* | само сирење од закиселено млеко |
| Е 504 | Магнезиум карбонати | *quantum satis* | |
| Е 509 | Калциум хлорид | *quantum satis* | |
| Е 551-559 | Силициум диоксид — силикат | 10 000 | Само сирење сецкано на парчиња или рендано сирење и тврдо и полутврдо сирење |
| Е 575 | Глуконо-делта-лактон | *quantum satis* | |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација

(2): Максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина

(8): mg/dm2 површина, не присутни на длабочина од 5 mm

(29): Оваа супстанција може да биде присутна природно во некои видови сирења како резултат на процесот на ферментација

(30): Во млекото од сирењето или негово еквивалентно ниво, ако се додаде по отстранувањето на сурутка и додавањето на вода

**01.7.3 Кора од сирење за консумирање**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | |
| Група III | Прехранбени бои со комбинирано максимално ниво | *quantum satis* | |
| Е 160d | Ликопин | 30 | |
| Е 180 | Литорубин ВК | *quantum satis* | |
| Е 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 20 | |

**01.7.4 Сирење со сурутка**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | |
| Е 200-203 | Сорбинска киселина — сорбати | 1000 | Само сирење претходно пакувано , сецкано на парчиња; сирење во слоеви и сирење со додадена храна |
| Е 251-252 | Нитрати | 150 | само млеко за тврдо, полу-тврдо и полу-меко сирење |
| Е 260 | Оцетна киселина | *quantum satis* | |
| Е 270 | Млечна киселина | *quantum satis* | |
| Е 330 | Лимонска киселина | *quantum satis* | |
| Е 460(ii) | Целулоза во прав | *quantum satis* | Само рендано сирење и сецкано на парчиња |
| Е 575 | Глуконо-делта-лактон | *quantum satis* | |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација

(2): максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина

(30): Во млеко за сирење и еквивалент доколку се додаде по отстранување на

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сурутката и додавањето на вода | | |

**01.7.5 Преработено сирење**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | само ароматизирано преработено сирење |
| E 100 | Куркумин | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 102 | Тартазин | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 104 | Хинолин жолта | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 110 | Сансет жолта FCF/Портокалово жолта S | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 120 | Кошинил, Карминска киселина, Кармини | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 122 | Азорубин, Кармоизин | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 124 | Понсон 4R, Кошинил црвена A | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 160e | Бета-апо-8'-каротенал (C 30) | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 161b | Лутеин | 100 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 160d | Лукопен | 5 | само ароматизирано преработено сирење |
| E 160a | Каротени | *quantum satis* | |
| E 160c | Екстракт од црвен пипер, капсантин, капсорубин | *quantum satis* | |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 15 | |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | 2000 | |
| E 234 | Низин | 12.5 | |
| E 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди-; три и полифосфати | 20 000 | |
| E 427 | Касија гума | 2 500 | |
| E 551-559 | Силикон диксиди - силикати | 10 000 | |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(2): Максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5
(29): Оваа супстанција може да биде присутна природно во некои видови сирења како резултат на процесот на ферментација
(33): Максимум индивидуално или во комбинација со E 100, E 102, E 104, E 110, E 120, E 122, E 124, E 160e и E 161b

**01.7.6 Производи од сирење (со исклучок на производите од категорија 16)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | Само производи од ароматизирано младо сирење |
| Група III | Прехранбени бои со комбинирано максимално ниво | 100 | Само производи од ароматизирано младо сирење |
| E 1105 | Лизозим | *quantum satis* | Само производи од зрело сирње |
| E 120 | Кошинил, Карминска киселина, Кармини | 125 | Само производи од red marbled сирење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 160a | Каротени | *quantum satis* | Само производи од зрело портокалово, жолто и дробено-бело сирење |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 15 | Само производи од зрело портокалово, жолто и дробено-бело сирење |
| E 160c | Екстракт од црвен пипер, капсантин, капсорубин | *quantum satis* | Само производи од зрело портокалово, жолто и дробено-бело сирење |
| E 163 | Антоцијани | *quantum satis* | Само производи од red marbled сирење |
| E 170 | Калциум карбонат | *quantum satis* | Само производи од зрело сирње |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | 1000 | Само производи од младо сирење; од зрело сирење, претходно спакувано на парчиња; производи од сирење во слоеви и од сирење со додадена храна |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | *quantum satis* | Само површински третман на производи од зрело сирње |
| E 234 | Низин | 12.5 | Само производи од зрело и преработено сирење |
| E 235 | Натамицин | 1 mg/dm2 површина, не присутни на длабочина од 5 mm | Само површински третман на производи од тврдо, полутврдо и полумеко сирење |
| E 251-252 | Нитрати | 150 | Само производи тврдо, полутврдо и полумеко сирење |
| E 280-283 | Пропионска киселина - пропионати | *quantum satis* | Само површински третман на зрели производи |
| E 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди-; три и полифосфати | 2000 | само производи од младо сирење |
| E 460 | Целулоза во прав | *quantum satis* | Само производи од сецкано на парчиња и рендано сирење  и производи од младо сирење |
| E 504 | Магнезиум карбонати | *quantum satis* | Само производи од зрело сирење |
| E 509 | Калциум хлорид | *quantum satis* | Само производи од зрело сирење |
| E 551-559 | Силикон диоксиди - силикати | 10 000 | Само производи од од сецкано на парчиња и рендано сирење и тврдо и полутврдо сирење |
| E 575 | Глуконо-делта-лактон | *quantum satis* | Само производи од зрело сирење |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(2): максималното ниво се применува на вкупната сума  и нивоата изразени како слободна киселина
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5
(29): Оваа супстанција може да биде присутна природно во некои видови сирења како резултат на процесот на ферментација
(30): Во млекото за сирење или еквивалент доколку е додаден по отстранување на сурутката и додавањето на водата

**01.8 Млечни аналози, вклучувајќи обелувачи на пијалаци**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| Група II | Прехранбени бои дозволени во *quantum satis* | *quantum satis* | |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | *quantum satis* | Само аналози на сирење (само површински третман) |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | 2000 | Само аналози на сирење базирани на протеини |
| E 251-252 | Нитрати | 150 | Само аналози на сирење на база на млеко |

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 280-283 | Пропионска киселина - пропионати | *quantum satis* | Само аналози на сирење (само површински третман) |
| E 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди-; три и полифосфати | 5000 | Само аналози на биена павлака |
| E 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди-; три и полифосфати | 20 000 | Само аналози на преработено сирење |
| E 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди-; три и полифосфати | 30 000 | Само обелувачи на пијалаци |
| E 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди-; три и полифосфати | 50 000 | Само обелувачи на пијалаци за апарати за храна |
| E 432-436 | Поилсорбати | 5000 | Само аналози на млеко и павлака |
| E 473-474 | Сахарозни естри на масни киселини - сахароглицериди | 5000 | Само аналози на павлака |
| E 473-474 | Сахарозни естри на масни киселини - сахароглицериди | 20 000 | Само обелувачи на пијалаци |
| E 475 | Полиглицерол естри на масни киселини | 5000 | Само аналози на млеко и павлака |
| E 475 | Полиглицерол естри на масни киселини | 500 | Само обелувачи на пијалаци |
| E 477 | Пропан-1,2-диол естри на масни киселини | 1000 | Само обелувачи на пијалаци |
| E 477 | Пропан-1,2-диол естри на масни киселини | 5000 | Само производи слични на млеко и павлака |
| E 481-482 | Стероил-2-лактилати | 3000 | Само обелувачи на пијалаци |
| E 491-495 | Сорбитан естри | 5000 | Само производи слични на млеко и павлака; обелувачи на пијалаци |
| E 551-559 | Силикон диоксиди - силикати | 10 000 | Само аналози на сецкано или рендано сирење и аналози на преработено сирење; обелувачи на пијалаци |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација

(2): максималното ниво се применува на вкупната сума  и нивоата изразени како слободна киселина

(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5

(30): Во млекото за сирење или еквивалент доколку е додаден по отстранување на сурутката и додавањето на водата

## ПРИЛОГ 2

**02 Масти и масла и емулзии на масти и масла**

**02.1** Масти и масла во основа ослободени од вода (со исклучок на анхидрирана млечна маст)

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 100 | Куркумин | *quantum satis* | Само масти |
| E 160a | Каротени | *quantum satis* | Само масти |
| E 160b | Анато, Биксин, Норбиксин | 10 | Само масти |
| E 270 | Млечна киселина | *quantum satis* | Само за готвење и/или пржење или подготовка на сосови |
| E 300 | Аскорбинска киселина | *quantum satis* | Само за готвење и/или пржење или подготовка на сосови |
| E 304 | Масни кисели естри на аскорбинска киселина | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 306 | Токоферол – збогатен екстракт | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 307 | Алфа-токоферол | *quantum* | Освен ладно цедено масло и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *satis* | маслиново масло |
| E 307 | Алфа-токоферол | 200 | Само рафинирано маслиново масло, вклучувајќи масло од маслинова пулпа |
| E 308 | Гама-токоферол | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 309 | Делта-токоферол | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 310-320 | Галати, TBHQ и BHA, индивидуално или во комбинација | 200 | Само масти и масла за професионално производство на термички третирана храна; масло за пржење и маст за пржење (со исклучок на масло од маслнова пулпа) и сало, рибина маст, маст од говедско, живина и овча маст |
| E 321 | Бутил хидрокситолуен ((BHT) | 100 | Само масти и масла за професионално производство на термички третирана храна; масло за пржење и маст за пржење (со исклучок на масло од маслинова пулпа) и сало, рибина маст, маст од говедско, живина и овча маст |
| E 322 | Лецитини | 30 000 | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 330 | Лимонска киселина | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 331 | Натриум цитрати | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 332 | Калиум цитрати | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 333 | Калциум цитрати | *quantum satis* | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 392 | Екстракти од рузмарин | 30 | Само растителни масла (со исклучок на ладно цедени масла и маслинови масла) и маст каде што содржината на полинесатурирани масни киселини е повисока од 15 % w/w од вкупната масна киселина, за употрба во не – термички третирани прехранбени производи |
| E 392 | Екстракти од рузмарин | 50 | Само рибина маст и алгална маст; сало, маст од говедско, живина и овци, масти и масла за професионално производство на термички третирана храна, масти и масла за пржење, со исклучок на масло од семки и пулпа на маслинки |
| E 471 | Моно- и диглицериди на масни киселини | 10 000 | Освен ладно цедено масло и маслиново масло |
| E 472c | Естри на лимонска киселина на моно- и диглицериди на масни киселини | *quantum satis* | Само за готвење и/или пржење или за подготовка на сосови |
| E 900 | Диметил полисилоксан | 10 | Само масла и масти за пржење |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(41): Изразено на основа на масти
(46): Како сума од карносол или карносинска киселина

**02.2 Емулзии на масти и масла главно од типот вода-во-масло**

**02.2.1** Путер и концентриран путер и масло од путер и анхидрирана млечна маст

| | | | |
|---|---|---|---|
| E 160a | Каротени | *quantum* | Освен за путер од овчо и козјо |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *satis* | млеко |
| E 500 | Натриум карбонати | *quantum satis* | Само путер од кисело млеко |
| E 338-452 | Фосфорна киселина-фосфати-ди-три и полифосфати | 2000 | Само путер од кисело млеко |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5

**02.2.2 Емулзии на масти и масла главно од типот вода-во-масло**

| Група I | Адитиви | | |
|---|---|---|---|
| E 100 | Куркумин | *quantum satis* | Со исклучок на путер со ниска содржина на масти |
| E 160a | Каротени | *quantum satis* | |
| E 160b | Анато, биксин, норбиксин | 10 | Со исклучок на путер со ниска содржина на масти |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | 1000 | Само емулзии на масти (со исклучок на путер) со содржина на масти од 60% или повеќе |
| E 200-203 | Сорбинска киселина - сорбати | 2000 | Само емулзии на масти (со исклучок на путер) со содржина на масти повисока од 60% |
| E 310-320 | Галати, TBHQ и BHA, индивидуално или во комбинација | 200 | Само маст за пржење |
| E 321 | Бутил хидрокситолуен ((BHT) | 100 | Само маст за пржење |
| E 338-452 | Фосфорна киселина-фосфати-ди-три и полифосфати | 5000 | само масти за мачкање |
| E 385 | Калциум динатриум етилен диамин тетра ацетат (Калциум динатриум EDTA) | 100 | само масти за мачкање , со содржина на масти од 41% или пониска |
| E 405 | Пропан-1,2-диол алгинат | 3000 | |
| E 432-436 | Полисорбати | 10 000 | Само емулзии на масти за печење |
| E 473-474 | Сахарозни естри на масни киселини - сахароглицериди | 10 000 | Само емулзии на масти за печење |
| E 475 | Полиглицеролестри на масни киселини | 5000 | |
| E 476 | Полиглицерол полирицинолеат | 4000 | само масти за мачкање, со содржина на масти од 41% или пониска и слични производи со содржина на масти пониска од 10% |
| E 477 | Пропан-1,2-диол естри на масни киселини | 10 000 | Само емулзии на масти што се употребуваат за печење |
| E 479b | Термички оксидирано соино масло со моно- и диглицериди на масни киселини | | Само емулзии на масти што се употребуваат за печење |
| E 481-482 | Стероил -2-лактилати | 10 000 | |
| E 491-495 | Сорбитан естри | 10 000 | |
| E 551-559 | Силкон диоксиди - силикати | 30 000 | Само производи за премачкување на конзерви |
| E 900 | Диметил полисилоксан | 10 | Само масла и масти за пржење |
| E 959 | Неохесперидин DC | 5 | Само како засилувачи на вкус, само во групата масти Б и Ц |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(2): максималното ниво се применува на вкупната сума и нивоата изразени како слободна киселина
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5

**02.3 Растително масло во спреј за тави**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Група I | Адитиви | | |
| Е 338-452 | Фосфорна киселина – фосфати – ди – три и полифосфати | 30 000 | Само емулзиони спрејови базирани на вода за подмачкување на тави за печење |
| Е 392 | Екстракти од рузмарин | 50 | Само масти и масла за професионално производство на термички третирана храна |
| Е 551-559 | Силкон диоксиди - силикати | 30 000 | Само производи за премачкување на конзерви |
| Е 943a | Бутан | *quantum satis* | Само растително масло во спреј за тави (само за професионална употреба) и емулзионен спреј на база на вода |
| Е 943b | Изобутан | *quantum satis* | Само растително масло во спреј за тави (само за професионална употреба) и емулзионен спреј на база на вода |
| Е 944 | Пропан | *quantum satis* | Само растително масло во спреј за тави (само за професионална употреба) и емулзионен спреј на база на вода |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
(4): Максималното ниво е изразено како P 2O 5
(41): изразено на основа на масти
(46): Како сума од карносол и карносилна киселина

## ПРИЛОГ 3

**04 Овошје и зеленчук (како и нивни преработени производи)**
**04.1 Непреработено овошје и зеленчук**
**04.1.1 Цело овошје и зеленчук**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Е 200-203 | Сорбинска киселина сорбати | 20 | Само површински третман на неизлупени свежи агруми |
| Е 220-228 | Сулфур диоксид - сулфити | 10 | само трпезно грозје, свежи личи (само делот што мже да се јаде) и боровинки (Vaccinium corymbosum) |
| Е 220-228 | Сулфур диоксид - сулфити | 100 | Само слатка пченка во вакуум пакување |
| Е 445 | Глицерол естри на смола од дрва | 50 | Само површински третман на агруми |
| Е 473-474 | Сахарозни естри на масни киселини - сахароглицериди | *quantum satis* | Само свежо овошје, површински третман |
| Е 901 | Пчелин восок, бел и жолт | *quantum satis* | само површинска третман на агруми, дињи, јаболка, круши, праски, ананас и глазура за јаткасто овошје |
| Е 902 | Кандеила восок | *quantum satis* | само површинска третман на агруми, дињи, јаболка, круши, праски, ананас и глазура за јаткасто овошје |
| Е 903 | Карнауба восок | 200 | само површинска третман на агруми, дињи, јаболка, круши, праски, ананас и глазура за јаткасто овошје |
| Е 904 | Шелак | *quantum satis* | само површинска третман на агруми, дињи, јаболка, круши, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | праски, ананас и глазура за јаткасто овошје |
| E 905 | Микрокристален восок | *quantum satis* | само површински третман на дињи, папаја, манго, и авокадо |
| E 912 | Естри на монтанска киселина | *quantum satis* | само површински третман на агруми, дињи, папаја, манго, авокадо и ананас |
| E 914 | Оксидиран полиетиленски восок | *quantum satis* | само површински третман на агруми, дињи, папаја, манго, авокадо и ананас |

(1): Адитивите може да бидат додадени индивидуално или во комбинација
